
Portrait
Портрет
Хаџи Пашини Конаци, с Бардовци Скопје
SCCA Skopje PROJECT
JULY 8-17 1998
8-17 јули 1998
CONTEMPORARY ARTS - SKOPJE MACEDONIA
времени уметности - Скопје Македонија



# ПРОЕКТИ



## 1 ТРАНСЛАЦИЈА
*Елизабета АВРАМОВСКА, уметник*
*Соња АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА, куратор*

## 2 ... ВО НЕПОЗНАТОТО ПОСТОЕЊЕ
*Антони МАЗНЕВСКИ, уметник*
*Дејан БУЃЕВАЦ, куратор*

## 3 РЕТУШ
*Томе АЏИЕВСКИ, уметник*
*Марика БОЧВАРОВА ПЛАВЕВСКА, куратор*

## 4 "ЗАТВОРЕНИ ПРОЗОРЦИ"
*Нада ПРЉА СЕРАФИМОВА, уметник*
*Валентино ДИМИТРОВСКИ, куратор*

## 5 ИДЕОПЛАСТИЧНА ПЛАЗМА "ПОРТРЕТ"
*Валентин ДИМАНОВСКИ, уметник*
*Ивана ЈАРЧЕВА, куратор*

## 6 LAYERS
*Душан ДРАКАЛСКИ, уметник*
*Кристина МИЛЈАНОВСКА, куратор*

## 7 ЧИЧИНО
*Александар КОНДЕВ, уметник*
*Христијан ПАНЕВ, куратор*

## 8 FLY FISHERMAN
*Мирослав СТОЈАНОВИЌ - ШУКИ, уметник*
*Никола ПИСАРЕВ, куратор*

## 9 ПОРТРЕТОТ НА ГРАЃАНИНОТ(КАТА) ОД FYROM
*Александар СТАНКОВСКИ, уметник*
*Бранислав САРКАЊАЦ, куратор*

## 10 СЕЌАВАЊЕ НА СМРТТА
*Минас БАКАЛЧЕВ, уметник*
*Митко ХАЏИ ПУЉА, куратор*

## 11 ПОРТРЕТОТ НА ПЛОТИН
*Искра ДИМИТРОВА, уметник*
*Иван ЏЕПАРОВСКИ, куратор*

# 1 ТРАНСЛАЦИЈА

Проектот Транслација метафорички реферира на вечната проблематика за идентитетот, покренувајќи едновремено естетски, социјални и морални прашања. Напнатоста во односот меѓу јас и хипотетичкото друго ги олеснува транслацијата и идентификацијата со друга личност. Устројството на проектот се темели врз двојна интеракција и е резиме на една наша анкета, која потврди дека желбата за идентификација со другиот е појака од свесната потреба за его-лицето. Личностите со кои луѓето најчесто сакаат да се поистоветуваат се Александар Македонски и Мерлин Монро. Од портретите на овие два модели (машки и женски, класично-грчки и модерен) направен е "обелиск" со фото-решетка, симболично поврзан со некогашните култни места на крстопатите, каде се одвива чинот на исповедување, себе-анализирање или себе-потврдување. Пред "обелискот", во форма на лавиринт, се поставени портретите на анкетираните. На нивната празна рефлектирачка задна страна се огледува посетителот, поттикнуван да размислува како субјект.

*Елизабета Аврамовска, уметник*
*Соња Абаџиева Димитрова, куратор*



# ... ВО НЕПОЗНАТОТО ПОСТОЕЊЕ 2



.....што се однесува до Портрет како мотиваторски потенцијал, во современата уметничка продукција може да опстојува исклучиво како строг естетски предмет со ретроспективен и нерефлексивен карактер чиј етички извор е субјективистичкиот вкус каде **препознавањето** е во предност над Платоновото **да се биде запознаен со**. Немањето непосредно искуство со мотивот кој историски е детерминиран како друштвен чин е поткрепа за оваа отуѓеност, па така било каква фикција за таква реална непосредност е априори промашена работа. Непостоењето на сигурно затворено уметничко дело како и единство на индивидуалното Јас го воспоставува денеска Портретот само како метафора во однос на самиот себе си. Непојмливото искуство се кондензира во искуство од друго ниво, туѓото искуство станува искусиво. Секое современо спознајно теориско видување на поимот Портрет како вистинит мотив и негов развиток во рецентната уметничка критика би претставувало само вклопување во владеачкиот рационалитет на оправданоста или брбљање во релација со лош квалитет. Најмал проблем е да се брка темата што во таква состојба би било само чувствително фалење. Дали сево ова значи дека освен субјективно декоративен однос кон Портретот не постои друг предлог? Секако дека постои и тоа во самиот поим гледано од историското естетско искуство. Имено, аксиомата **Портретот е истовремено и автоПортрет** ни овозможува сугестија за реактивирање на самата содржина. Но сега автоПортретот како иманентна утописка проекција е состојба со можност за Очекување на вистината кое го дозволува уметничкото дело. За разлика од непојмливото искуство автоПортретот овозможува **достапното да не се впери директно во поимливото**. - Адорно. Овој интериерен Портрет во своето објективирање не значи постварување на апстрактното бидејќи поаѓа од стварноста која во основа ја нема, но сепак постои искуството.

Искуството кое не е само иманентно го имплицира и интуитивното чија интенција е токму дедуктивно уметничко дело како хуман и рефлексивен гест за реципиентот. Истиот, не ја бара вистината од позиција, **од горе** или **од доле**, туку од состојбата на изненаденост пред познатото. Рефлексија без демократски принципи.

АвтоПортретот како процес е во спротивставеност со денешното уметничко расположение кое се реализира како проективен исклучок.

Овој став е аналоген на Гетеовото **долго и мирно образование**.




*Антони Мазневски, уметник*
*Дејан Буѓевац, куратор*

# ЗРЕТУШ

Портретираната особа е личност од нашата историја на 20 век. Станува збор за Ванчо Михајлов, најконтраверзната личност во поновата историја на овие простори. Од друга страна Ванчо Михајлов во нашата историографија и политичка мисла во изминатиов период, но и денес, е најдемонизираната личност во националната историја. Тоа, во еден дел, секако се должи и на исклучивоста што ја генерираше политичкиот систем во последните децении. Модусот на демонстрирање нужно претпоставува практика на создавање превези и ретуширања. На таквата практика на ретуширање упатува и текстуалниот цитат аплициран на портретот, но сега во актуелното политичко милје. Портретот на оваа историска личност нема никакви имликации на ревидирање, на исправување. Делото е еднакво оддалечено и од историските контраверзи во едно време на транзиција. Монументалните димензии на портретот сугерираат еден ироничен контекст, но едновремено и едно соочување, повик. Прокламираната и воспоставената структура на демократија нужно ги подразбира практиките на конкретност, толеранција, како и оние на неограничено комуникативно дејствување во сферата на политичкиот, научниот и културниот дијалог. Тоа подеднакво се однесува и на соочувањето со "контраверзното", со "демонското". Така и ова дело нема цел да даде портрет на една историска личност, туку да го испита прагот на издржливоста, коректноста и толерантноста во нашето демократско милје соочено со "портретот" на една проблематично третирана личност. На ова рамниште делото фигурира како своевиден симулакрум.

*Томе Аџиевски, уметник*
*Марика Бочварова Плавевска, куратор*



# "ЗАТВОРЕНИ ПРОЗОРЦИ" 4





"Ликот" на површината е сугериран од феноменот на замаглени прозорци. Втиснат на ладната подлога, ја насетува дамнешната желба стивната во отпечаток, траг, алузија. Тврдиот ѕид, на којшто замира визијата и погледот, ја впива надежта. Се отвора метафорична и асоцијативна игра на ѕазидан прозорец, затворен поглед. Во состојба кога е испарен некогашниот идентитет на нештата, бројните наративни и метафорични искази непречено кружат во опустошениот простор на некогашните стабилни дискурси. Исчезнувањето на Смислата и на силните симболични поредоци со себе го повлекува и некогашното упориште, потпора на портретната дисциплина - автономниот субјект. Во модерната тој сеуште некако е присутен во парадигмата на осакатениот субјект. Но во постмодерната неговата аура е безмилосно соголена во кружниот бескрај на симулации, замени и заведувања. Овде опстојува парадигмата на повлечениот, исчезнатиот субјект. Ако денес е можен некаков портрет, тоа може да биде само "ликот" на исчезнатиот субјект, расеан, расточен како траг, алузија во непрегледното проширено поле, како мигновено треперење и згаснување што потонува во некакво море на тишината, или се губи во несносливата цивилизациска бука. Неутажената меланхолија, неопределената тага и ладната пустош ја предат една од можните приказни во просторот на попречената визија, ѕазиданиот видик, затворениот поглед.

*Нада Прља Серафимова, уметник*
*Валентино Димитровски, куратор*



raspored na prozorite



raspored na svetla







# 5 ИДЕОПЛАСТИЧНА ПЛАЗМА "ПОРТРЕТ"



ИДЕОПЛАСТИЧНАТА ПЛАЗМА - ПОРТРЕТ поаѓа од концепцијата за толкување на мотивот портрет, не во вообичаеното значење при секојдневната комуникација, туку поаѓа како ментална слика која ги каталогизира и обединува знаците за поимот портрет на ниво на чиста слика.

Нејзината концепција зафаќа форма на ѕидно-просторен полиптих носен врз потпората на осум сегменти:

СЛАЈД ПРОЕКЦИЈА на фрагментирани анатомски, психички и ментални пунктови, кои ја дефинираат менталната слика портрет;

АУДИО ЗАПИС т.е. звучна нус појава додека сметачката машина чита одреден програм;

ДАТОТЕКА во облик на бази, фајлови и директориуми т.е. долапи, фиоки и ниши, каде се сместени арте факти кои ја складираат содржината на поимот портрет;

АРТЕ ФАКТИ, предмети од секојдневната употреба, од кои најголем број алудираат на пунктовите на фацијалната регија;

ТЕКСТ, во кој се наведуваат етимолошката граѓа и толкувањата на поимот портрет;

Т.Н. ИДЕОГРАМСКИ МОЗАИК, кој има за цел да даде насока повеќе во толкувањето на портретот како алфанумерички регистар;

ПРЕПОРАКА: би било пожелно да се сурфира низ композицијата во двојки, поради поттикнување на feed back со идеопластичната плазма - портрет. Ова е корисно и за менување на нивото на критичка дистанца.



*Валентин Димановски, уметник*
*Ивана Јарчевска, куратор*

# LAYERS 6

**Layer – 1**: one that layes (as a workman who layes brick or a hen that lay eggs); **2a**: one thickness, course or fold laid or lying over or ander another; **b**: stratum; **c**: horizon; **3a**: a branch or shoot of a plant treated to induce rooting while stell attached to the parent plant; b: a plant developed by layering;

**Layer – 1a:** to propagate by means of layers: to separated into layers; **b**: to form out of superimposed layers; **2**: to from roots where the sistem comes in contact whit the gound.

**Lay-er-age** – the practis of art of layering plants.



Идејата за проектот "Layers" поаѓа од тоа дека човековата природа ја создаваат духот и телото, како една неразделна целина, како и од дефиницијата дека портрет е индивидуалниот приказ на една личност.

Раслојувањето е претставено преку четири портрета. Ликот, односно телото и внатрешноста (интимата) формираат една индивидуа односно личност, која има свој почеток и свој крај. Поврзувањето на личностите е остварено преку авторите. Фотографиите (компјутерски обработени, испечатени на фолија на плотер), позади кои се закачени разни елементи врзани за личностите од фотографии кои завршуваат со крст, а транспарентноста на фолијата овозможува тие да се гледаат. Полиптихот дава приказ на она што е највисоко, божествено, над сите сетила, не материјално, а тоа е душата на човекот. Човекот сам за себе, заради својот дух, е најголема мистерија. Тоа е претставено преку четирите состојби (испечатени на хартија, на плотер.) Главата која е исцртана на подот, исполнета со песок од кој релјефно е направен само носот, а другите делови од ликот се расфрлени низ песокот, е графички приказ на недовршен човечки лик, кој остава простор понатаму да се формира лик на една личност. Главата од кикладскиот идол од 2000 г. пне., која ни послужила како идеја за овој дел од проектот не е врзана за нејзиното историско минато и значење.




*Душан Дракалски, уметник*
*Кристина Миљановска, куратор*

# 7ЧИЧИНО

Маски. Некои ги менуваат често, некои ретко. Во различни ситуации, различни реакции, различни однесувања. Промената не зависи само од ситуацијата туку од нешто друго, по комплексно. Нешто, што го носиме во себе. Некои го имаат, други го немаат, трети пак се прават дека го имаат. Овие последните се најчести корисници на маските. Тргањето на маската и хазардната игра се во некоја чудна контрадикторна хармонична одалеченост. Секој коцкар се труди да не го покаже она што го мисли и она што го држи во рака. Тие никогаш не ја симнуваат својата маска. За нив таа значи живот - можност да добијат или изгубат. Тежината при нејзиното вадење и радикалната промена на полот зад неа ја покажува есенцијата на криењето зад машко и воопшто, есенцијата на нејзиното постоење. Фотографиите се поставени на круг, со цел да се добие ***revolvere***. Помеѓу нив има црна омеѓеност, при вртењето да се прикажат сликите секвенционално, кинемаскопски. Рачките за вртење на круговите овозможуваат гледачот сам да го избере времето и брзината на гледањето на фотографиите.

*Александар Кондев, уметник*
*Панев Христијан, куратор*





ПЕРСПЕКТИВА Р- 1:20

F.LY. FISHERMAN

Shuki and NIKOLA










# FLY FISHERMAN 8

Летна горештина. Сонцето паѓа зад планините, роеви мушички насекаде. Луѓето немилосрдно ги убиваат сакајќи, несакајќи, неприметувајќи ги воопшто тие мали господари на летните зајдисонца. Некаде далеку кај свиокот на реката еден човек мавта со шеширот трудејќи се да ја фати кралицата на инсектската убавина *"Ciatanuga alba pescistikus"- Linne.* Прашувајќи зошто и кому е сето тоа потребно тој вели: "Некои луѓе прават портрети на великодостојници, кралеви, убави жени, јас правам мушички кои се идентични на оние во природата тие можат да бидат толку слични па дури некои природни мушички се заљубуваат во оние што јас ги правам. Како се прави мушичка? Еве вака.

Земи пет пердуви од врат на индиски петел стар три години и потопи ги во ладна вода да отстојат три дена, потоа земи киќанка влакна од врат на сив елен и врзи ги со три чвора, врз нив стави десетина влакна од чекиња на дива свиња врз тоа стави пердув од бел лебед и многу тенка лента од крзно од уво на шумски зајак сето тоа врзи го за вратот на јадицата и капни една капка канадски жолт балсам. Откако е тоа готово, направи нозе од пердув на сокол, опаш од парче црвена волна и грива од влакна од опаш на црн мачор, врзи ги со тристран чвор и сето тоа потопи го во зовриено маслиново масло, нека отстои две минути и целата работа е готова.

Оваа формула која звучи многу чудно и за која би помислиле дека ако се додаде трудна мравка и коса од штрумф ќе се добие прашок за кивање или течност за станување невидлив, всушност не е ништо друго освен инструкција како да се направи вештачка мушичка. Постојат околу седумнаесет илјади вакви формули и сите содржат нешто различно. Гледајќи ги мушичарите* како ги изработуваат мушичките ни се наметнува прашањето дали можеби тие вешто имитирајќи ги природните предлошки не изработуваат портрети на мушичките. Ако само помислиме да ја отфрлиме тезата дека портретот мора да се однесува на личност (читај човек) тогаш ќе заклучиме дека мушичарите се уметници кои во полето на портретот може да се носат со најголемите мајстори на сликарството.

Поведен од оваа подреденост на работите авторот на проектот *FLY FISHERMAN* со извонредна умешност и огромен сензибилитет ги вплетува двата медиума во еден. Со тоа тој на мушичките им дава уметничка димензија, а тие му овозможуваат да ја замени четката со јадица и платното со плута, а на крајот добива дело кое не само што може да парира на четката и платното, туку со своите разновидни материјали (свили, перја од ретки птици, влакна) овозможува премини на бојата кои се потполно непознати во класичните ликовни техники.

*Мирослав Стојановиќ - Шуки, уметник*
*Никола Писарев, куратор*

---

*Мушичар-риболовец кој изработува мушички и лови со системот наречен камшикување.

# 9 ПОРТРЕТ НА ГРАЃАНИНОТ(КАТА) ОД FYROM

Сакаме да насликаме ПОРТРЕТ НА ГРАЃАНИНОТ (КАТА) ОД FYROM на еден Сартровски начин. И не го поставуваме неговото прашање како да се разбере еден човек. Како што Сартр ја насловува својата студија за Флобер **Идиотот на семејството** ние нашата студија ќе ја насловиме ПОРТРЕТ НА ГРАЃАНИНОТ (КАТА) ОД FYROM - идиот на политиката.

Во истиот дух (портрет на еден човек тоа се другите), ќе направиме парафраза и на студијата за Жене во која тој е определен од својата одлука да биде таков каков што го определуваат другите (крадец, хомосексуалец, перверт, бездомник итн.).



Така, ГРАЃАНИНОТ (КАТА) ОД FYROM е определен од сѐ она што другите мислат за него, дека е Бугарин, дека не е Македонец, дека е Јужносрбијанец, дека е комунистичка творба, дека е необразуван, нечист, мрзлив.

Покажуваме дека ГРАЃАНИНОТ (КАТА) ОД FYROM сартровски го доживува погледот на другиот, другите се пеколот. Јас не можам да го поднесам погледот на Бугаринот, погледот на енкарта, погледот на Американецот ...

Како Сартр и ние го сликаме неговиот контекст, социјално милје, историскиот, економскиот, културниот, момент (објективен дух).

Ќе завршиме со **милје матернел** - погледот на другиот е погледот на мајката, дека како што завршува приказната на Жене ќе заврши и приказната на Граѓанинот на FYROM - со потребата на граѓанинот на FYROM за трансцеденција (Жене первертот станува поет) потреба да се отфрлат определбите што ми ги дава другиот и да се дојде до сопствената определба да се победи лошата вера.



*Александар Станковски, уметник*
*Бранислав Саркањац, куратор*

# СЕЌАВАЊЕ НА СМРТТА

Проектот се однесува на дистинкцијата лице-лик или портрет-инверзен портрет. Претставува схема за сетилно поимлива реконструкција на невидливата-умна реалност на ликот или инверзниот портрет.

Во основата трга од мислата на Светите Оци за благодетта на сеќавањето на смртта, преку кое, сеќавање, постоењето на битието е преведено во планот на вечноста. Сеќавањето на смртта е особена состојба на нашиот дух, која ни малку не личи на знаењето својствено на сите нас, дека еден ден сите ние ќе умреме. Тоа го изведува нашиот дух од влијанието на земјината тежа бидејќи е сила која доаѓа од горе, нас не поставува над земните страсти и приврзаности. Изчезнувањето на портретот, како претстава на лице-преку однадвор наметнати мотиви, средства, е предуслов за конкретизација на вистинскиот личносен/ ипостасен/принцип.

Во проектот, портретот е раслоен на три слоја:







Слово: сеќавањето на смртта користи за живот/MNHMH ΘANATOv XPHpIMEvEI $^{T}_{\omega}$ Bιω/

Облик: прстен, кој има својство нештото истовремено да-го-содржи и да-не-го-содржи и

Огледување: фаза на огледало, фаза на себе препознавање во одразот, со што се надминува фрагментираноста на сликата, на нејзиниот иницијален недостиг на целовитост.

*Минас Бакалчев, уметник*
*Митко Хаџи Пуља, куратор*

11

# ПОРТРЕТОТ НА ПЛОТИН

Самата тема на изложбата - Портрет - му овозможи на тимот да стори обид да се нурне во оваа голема “наратива” на европската уметност. Секако, обидот е на планот на една “мала наратива”, поточно, исчитување на еден, од денешна гледна точка, не толку ефемерен податок на кој упатува Порфириј, ученикот на познатиот нео-платоничар Плотин (205-270). Порфириј, во своите белешки за учителот Плотин, укажува дека Плотин никогаш не дозволил да биде портретиран, што, секако, произлегува од онтолошката заснованост на Плотиновиот естетички систем но и од неговото сфаќање за односот меѓу “телото”, “душата”, “духот” и “едното”.

Целта на проектот “Портретот на Плотин” е да се изгради нашето видување на портретот на Плотин денес, а оттаму посредно да се укаже на можноста, односно неможноста, од постоењето на портретот на крајот од милениумот. Ако Плотин, во своето време, бегал од болката - телото, тогаш, денес, болката е во средиштето на интересот на уметникот а тоа, се надеваме ќе се почувствува во нашиот проект. На тој начин, ова дело влегува во актуелните постмодернистички толкувања на категоријата “возвишено”, кадешто, возвишеното се толкува како двосмислена афекција што едновремено во себе содржи и задоволство и болка. Современото уметничко дело, а за такво го сметаме нашето, во обидот да го “претстави непретставливото” самото ни се претставува како “возвишено дело” кое дозволува таа непретставливост да се појави како “отсутна содржина” која самата по-себе е возвишена зашто е комбинација на задоволството и болката. Или, како што вели J.F.Lyotard, “задоволство дека разумот ја надминува секоја претстава, тага дека имагинацијата или сетилноста не се по мерка на поимот.”

*Искра Димитрова, уметник*
*Иван Џепаровски, куратор*








4TH ANNUAL EXHIBITION OF SOROS CENTER FOR

4 годишна изложба на Сорос Центарот за со